

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.24, МЕСЕЦ АВГУСТ 2020

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОНТИНУИРАНО СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ОКОЛИНАТА НА КАВАДАРЦИ. СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТ ДО МЕСТОТО КОПАЧОТ, РАЕЦ-ЌЕСЕНДРЕ-ГАЛИШТЕ, ПАТ ДО МХЕЦ 1, С.ВАТАША, С.БЕГНИШТЕ, МЕСНОСТА ОВЧКА РЕКА И НАСЕЛБА ГЛИШИЌ.









ЈП КОМУНАЛЕЦ РЕШАВА ПОВЕЌЕ ГОДИШЕН ПРОБЛЕМ НА ЖИТЕЛИТЕ ВО С. МАРЕНА , НА ПОТЕГОТ ПРЕД ФИРМА АНЕЛ-МАГ ПОКРАЈ ПАТОТ ВО С. МАРЕНА СЕ ИЗРАБОТУВА НОВА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА СО ПРОФИЛ F-400 И ДОЛЖИНА ОД 90 МЕТРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВИ ДВА ДЕТСКИ ЗАБАВНИ ПАРКОВИ ИЗГРАДИ ОПШТИНАТА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА.
АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „МЕТАЛ АПОСТОЛОВ“ ОД КАВАДАРЦИ, ГИ ПОСТАВУВАШЕ ПОСЛЕДНИТЕ РЕКВИЗИТИ ВО ИГРАЛИШТЕТО НА УЛ. „КИРО СПАНЏОВ“.
ПРЕТХОДНО НОВ ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК БЕШЕ ИЗГРАДЕН И НА ЛОКАЦИЈА КАЈ ЗГРАДИТЕ „БЕЛКА“. СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ДВЕТЕ ИГРАЛИШТА СЕ ПОСТАВЕНИ НА БЕТОНСКА ОСНОВА ПОКРИЕНА СО СПЕЦИЈАЛНА ГУМЕНА ПОДЛОГА. ОД БЕЗБЕДНОСНИ ПРИЧИНИ РЕКВИЗИТИТЕ СЕ ОД МАСИВНО ДРВО. ТЕРЕНИТЕ СЕ ОГРАДЕНИ СО ЖИЦА. ОКОЛУ НИВ ОПШТИНАТА ЌЕ ИЗВРШИ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ.
ДВАТА ДЕТСКИ ЗАБАВНИ ПАРКОВИ СЕ ИЗГРАДЕНИ НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ КОИ ГРАВИТИРААТ НА СООДВЕТНИТЕ ЛОКАЦИИ.





АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛНИЦА ОД УЛ. „НАРОДНА МЛАДИНА“.
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ БЕАШЕ АСФАЛТИРАНА ПОВРШИНА ОД 850 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРЕТХОДНО НА ИСТАТА ДЕЛНИЦА ОПШТИНАТА КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ СПРОВЕДЕ ТАМПОНИРАЊЕ, СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ РАБНИЦИ И СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ.
АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „НАРОДНА МЛАДИНА“ Е САМО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА ШТО ГИ ОПФАЌА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ И НА УЛИЦИТЕ „ЕГЕЈСКА“, „БЕЛ КАМЕН“ И „ИНДУСТРИСКА“.
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ИМА ПРЕДВИДЕНО ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ИЗНОС ОД 11.244.194 ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА. ДЕНОВИВЕ ВО ФАЗА НА ГРАДБА Е НОВА ДЕЛНИЦА ОД КЕЈОТ ШЕТАЛИШТЕ НА ПОТЕГОТ ОД МОСТОТ СЛОГА КОН ВАТАША.
ОВАА ДЕЛНИЦА Е ДОЛГА 680 МЕТРИ И СО НЕЈЗИНАТА ИЗГРАДБА ЌЕ СЕ СПОЈАТ КЕЈОТ-ШЕТАЛИШТЕ ВАТАША СО ДЕЛОТ ВО КАВАДАРЦИ.



АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ЦВЕТ КОМПАНИ" ОД СКОПЈЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА МИНОР КОРИТОТО СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ОБРАБОТЕН КАМЕН. АРХИТЕКТОНСКИ И ОВАА ДЕЛНИЦА ОД КЕЈОТ ЌЕ БИДЕ ИСТА КАКО ДЕЛОТ ВО ГРАДОТ, ОДНОСНО СО МИНОР КОРИТО ОД КАМЕН, И ШЕТАЛИШТЕ НА ДВАТА БРЕГА ОД КОИ ЛЕВОТО ШЕТАЛИШТЕ ЌЕ БИДЕ СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ, А ДЕСНОТО ОД ФИН БЕТОН ЗА РОЛЕРИ. ОСВЕН ТОА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ УРБАНА ОПРЕМА И НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 21.500.000 ДЕНАРИ, ПАРИТЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

НОВИ ДЕСЕТ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ВИСИНА ОД 8 МЕТРИ СЕ ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И АНГАЖИРАНИОТ ИЗВЕДУВАЧ „ЕЛМОНД"-СКОПЈЕ ГИ ПОСТАВИЈА НА УЛИЦАТА „ИНДУСТРИСКА" НА ПОТЕГОТ ОД КРСТОСНИЦАТА СО БУЛЕВАТОР „ЦВЕТАН ДИМОВ" КАЈ ЦАРИНСКАТА ИСПОСТАВА, ДО СПОЈОТ СО „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" КАЈ ВВ „ТИКВЕШ".
ОВАА ДЕЛНИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 330 МЕТРИ НАВЕЧЕР ЌЕ БИДЕ ОСВЕТЛЕНА СО ВИСОКО ЕФИКАСНИ ЛЕД СВЕТИЛКИ НА ЕДНОКРАКА ЛИРА СЕКОЈА СО ЈАЧИНА ОД 45 ВАТИ.
РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ НОВ ДЕЛ ОД УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ Е ВО РАМКИТЕ НА КАПИТАЛНИОТ ПРОЕКТ НА ОПШТИНАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КОЈ ОПФАЌА ИНТЕРВЕНЦИИ НА 17 ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ.
НОВАТА ЛИНИЈА, КАКО И СИТЕ ОСТАНАТИ ЌЕ БИДАТ ИНКОРПОРИРАНИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ДАЛЕЧИНСКА КОНТРОЛА, МОНИТОРИНГ И РЕГУЛИРАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО МЕСТЕЊЕ НА ПЕДАЛА ЗА НОГА НА СИТЕ ФОНТАНИ СЕ СО ЦЕЛ НА РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.





АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „АС МАШИНИ“ ОД КАВАДАРЦИ ПРИВРШУВА СО ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА НОВИОТ ПРАКИНГ ПРОСТОР КАЈ ГИМНАЗИЈАТА.
ОВДЕ ОПШТИНАТА ОФОРМИ ПАРКИНГ СО ПОВРШИНА ОД 600 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВРШИ РАСЧИСТУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ, ПРОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП КОН УЛ. „ПАНО МУДАРОВ“, ОДВОДНУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ, ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ЗГОЛЕМИ ПРОСТОРОТ ЗА ЈАВНО ПАРКИРАЊЕ.

СЛУЖБИТЕ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНАА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф315 НА УЛ.ПИОНЕРСКА. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА СЕ ВРШИ ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗГРАДБАТА НА ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ВАТАША-„МОКЛИШКА ВОДЕНИЦА“ СЕ ОДВИВА СПОРЕД ПЛАНОТ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ДЕНОВИВЕ РАБОТИ НА НЕКОЛКУ ПОЗИЦИИ.
ДЕНЕС СЕ ПОСАТВУВАА РАБНИЦИ ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА КОНТУРАТА НА ЕДНА ОД ВКУПНО ПЕТТЕ ПОПАТНИ СТАНИЦИ-ОДМОРАЛИШТА. ДРУГА ЕКИПА ПОСТАВУВАШЕ ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ НА САМАТА ПАТЕКА.
ГРАДЕЖНИ РАБОТИ СЕ ИЗВЕДУВАА И НА ДЕЛОТ ОД ПАТЕКАТА ПОКРАЈ „БРАНА МОКЛИШТЕ“ КАДЕ СЕ САНИРАШЕ ДЕЛОТ НА РАБНИЦИТЕ И СЕ ПОСТАВУВАА НОВИ.
РЕКРЕАТИВНАТА ПАТЕКА ЛОЦИРАНА НЕПОСРЕДНО ДО ДВАТА БРЕГА ОД РЕКАТА ЛУДА МАРА Е СО ШИРОЧИНА ОД 4 МЕТРИ ПОКРИЕНА СО БЕХАТОН КОЦКИ. ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ 4 МЕТАЛНИ МОСТОВИ СО ШИРОЧИНА ОД 2 МЕТРИ.
ДОСЕГА ПОКРАЈ ПАТЕКАТА Е ПОСТАВЕНА ПОДЗЕМНА ЛИНИЈА НА НИСКОНАПОНСКИОТ КАБЕЛ ЗА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ПАТЕКАТА ЌЕ БИДЕ ОСВЕТЛЕНА СО 200 ЛЕД СВЕТИЛКИ, СЕКОЈА СО ЈАЧИНА ОД 40 ВАТИ, ПОСТАВЕНИ НА 100 МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ДВОКРАКА ЛИРА НА ВИСИНА ОД 4 МЕТРИ.
ПОПАТНИТЕ СТАНИЦИ-ОДМОРАЛИШТА ЌЕ БИДАТ ОПЛЕМЕНЕТИ СО УРБАНА ОПРЕМА, ТАБЛИ ЗА ПИНГ-ПОНГ, ФИТНЕС СПРАВИ И МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ. ОД БЕЗБЕДНОСНИ ПРИЧИНИ ДОЛЖ ТРАСАТА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ И КАМЕРИ ЗА ВИДЕО НАДЗОР.
ИНВЕСТИТОРИ НА ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ СЕ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН. ВКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА ИЗНЕСУВА 34 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕНОВИВЕ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ПРИВРШУВА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК.

СЕ МОНТИРААТ РЕКВИЗИТИТЕ. СКЕЈТ ПАРКОТ ЌА ИМА 6 ЕЛЕМЕНТИ И ТОА: РАМПА (BANK RAMP), ЦЕНТРАЛЕН КОМБИНИРАН ЕЛЕМЕНТ (FUNBOX + GRINDBOX 2/3 + RAIL 2/3), ПОТОА КУТИЈА ЗА СТРУГАЊЕ (GRINDBOX 1), КАКО И КУТИЈА ЗА СТРУГАЊЕ (GRINDBOX 2).



ОД РЕКВИЗИТИТЕ ЌЕ ИМА И ЧЕТВРТИНА ЦЕВКА (QUARTER PIPE), ПРАВА ШИНА ПРОФИЛ (STRAIGHT RAIL PROFILE).

ПЛАТОТО ЗА РЕКРЕАЦИЈА И ЗАБАВА НА МЛАДИТЕ СКЕЈТЕРИ ОД КАВАДАРЦИ ЗАФАЌА ПОВРШИНА ОД 770 КВАДРАТНИ МЕТРИ, А СЕ НАОЃА ВЕДНАШ ДО ЈУЖНИОТ ВЛЕЗ ВО СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ОД СТРАНА НА УЛ.„ВИШЕШНИЦА".

ПОСТАВЕНО Е И ЕКОЛОШКО ШТЕДЛИВО ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ НА 4 ВИСОКИ СТОЛБОВИ СО 2 РЕФЛЕКТОРИ КОИ СЕ НАПОЈУВААТ ПРЕКУ ПОДЗЕМНАТА НИСКОНАПОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА ОД СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ОПШТИНАТА НА СКЕЈТ ПАРКОТ ПОСТАВИ И УРБАНА ОПРЕМА: КЛУПИ ЗА ОДМОР И КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ.

КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА ВО ОПШТИНАТА ПРОДОЛЖУВА СОГЛАСНО ЗАЦРТАНИТЕ ПРОЕКТИ.

ДЕНОВИВЕ ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ НА УЛ.„БЕЛ КАМЕН". СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА ПО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА СТАРИОТ АСФАЛТ И РАБНИЦИТЕ ЌЕ СЛЕДИ ТАМПОНИРАЊЕ, ПОСТАВУВАЊЕ НОВИ РАБНИЦИ И ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА АСФАЛТИРАЊЕ.



ВО ОВАА ФАЗА СЕ РАБОТИ НА ДЕЛНИЦАТА ОД ПАРКИНГОТ КАЈ КАПЕЛАТА ВО ПРАВЕЦ НА ВВ „ТИКВЕШ" КАДЕ НА ПОВРШИНА ОД 1350 КВАДРАТНИ МЕТРИ ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВ СЛОЈ АСФАЛТ СО ДЕБЕЛИНА ОД 7 САНТИМЕТРИ.

СО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ОВОЈ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ЖИТЕЛИТЕ ОД ЗГРАДИТЕ И ОД НАСЕЛБАТА „БЕЛ КАМЕН" ЌЕ ДОБИЈАТ ОБНОВЕНА И ПОБЕЗБЕДНА УЛИЦА ЗА ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ.

ПРЕТХОДНО НА ОВОЈ ЛОКАЛИТЕТ КАЈ ЗГРАДИТЕ ОПШТИНАТА ИЗВРШИ ОФОРМУВАЊЕ НА ПАРКИНГ СО ПОТПОРЕН ЅИД И ПОПЛОЧУВАЊЕ, КАКО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА ПОВРШИНА. РЕКОНСТРУКЦИЈАТА Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВАА НАСЕЛБА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.ДАМЕ ГРУЕВ. ИНВЕСТИТОР И ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ. СО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА СЕ ПРЕДВИДУВА ПРОМЕНА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА Ф110, ПРОМЕНА НА ФЕКАЛНА ЛИНИЈА Ф315 И ПРОМЕНА НА АТМОСФЕРСКА ЛИНИЈА Ф250 СО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ. НА КРАЈОТ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ И ПРИКЛУЧОЦИ ЗА СИТЕ КУЌИ НА ОВАА УЛИЦА. ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА.

ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА БУЛЕВАР КОЧО РАЦИН. СЕ ВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА 350 МЕТРИ КВАДРАТНИ НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ГРАДБА ПРОМЕТ. ДЕНЕС СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ РАБНИЦИ И ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ. ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ ПОСТАВИ И ЦЕЛОСНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА 17 НОВИ КАНДЕЛАБРИ.





ОПЕРАТИВАТА НА „ГРАДБА ПРОМЕТ" АСФАЛТИРАШЕ КРАК ОД УЛИЦАТА „БЕЛ КАМЕН" НА ДЕЛНИЦАТА ОД КАПЕЛАТА ДО СЕВЕРНИОТ ВЛЕЗ ВО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА. ОПШТИНАТА НА ОВОЈ ПОТЕГ СО ПАРИ ОД БУЏЕТОТ СМЕТКА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЈА ОБНОВИ АСФАЛТНАТА ПОДЛОГА НА ПОВРШИНА ОД 540 КВАДРАТНИ МЕТРИ. ПРЕТХОДНО СПОРЕД ПРОЕКТОТ СЕ ИЗВРШИ ГРЕБЕЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕТО НА СТАРИОТ АСФАЛТ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ Е РВИТАЛИЗИРАН ДЕЛ НА УШТЕ ЕДНА ФРЕКФЕНТНА УЛИЦА ВО ГРАДОТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РАБОТИ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД ВО С.БЕГНИШТЕ. ПОТПОРНИОТ ЅИД СЕ ГРАДИ ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА КРИТИЧНА ТОЧКА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО С.БЕГНИШТЕ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 423 340 ДЕНАРИ.





СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ПРОБИВАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИ НА УЛ.ЦРНОРЕЧКА. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ГРАДБА ПРОМЕТ И Е ПЛАНИРАНО ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНАТА НЕДЕЛА ПРОЕКТОТ ЦЕЛОСНО ДА СЕ РЕАЛИЗИРА. ПРВИОТ КРАК Е СО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ А ВКУПНО СИТЕ КРАЦИ ЌЕ БИДАТ ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ СО ШИРИНА ОД 1 МЕТАР И ВИСИНА ОД 8 САНТИМЕТРИ НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:
- УЛ.СЛОВЕНСКА НА ДВЕ ЛОКАЦИИ
- УЛ.ЉУБАШКА НА ЕДНА ЛОКАЦИЈА,
- УЛ.ЃОРЕ БРУШАНСКИ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ,
- УЛ.РЕСАВСКА НА ЕДНА ЛОКАЦИЈА,
- УЛ.ЈОВАН ПЛАНИНСКИ НА ЕДНА ЛОКАЦИЈА,
- УЛ.ПИРИНСКА НА ЕДНА ЛОКАЦИЈА,
- УЛ.14ТИ МАЈ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ,
- УЛ.16ТИ ЈУНИ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ,
- УЛ.ЌИРО СПАНЏОВ НА ЕДНА ЛОКАЦИЈА,
- УЛ.БРАЌА ЏУНОВИ НА ЕДНА ЛОКАЦИЈА,
- УЛ. ЃОРЃИ СОКОЛОВ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ,
- УЛ.ОРЦЕ НИКОЛОВ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ,
- НА ВЛЕЗОТ ВО С. СОПОТ И
- НА УЛ.ПАРТИЗАНСКА ВО С.МАРЕНА НА ДВЕ ЛОКАЦИИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПО НАЛОГ НА ГРАДЕЖНИОТ ИНСПЕКТОР НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНЕС СЕ ВРШИ РУШЕЊЕ НА ДИВОГРАДБА ЛОЦИРАНА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА. ПО 15 ГОДИНИ СООЧУВАЊЕ СО ПРОБЛЕМ , СЕГА ОВА МЕСТО ЌЕ ИМ БИДЕ ДОСТАПНО НА ПЕШАЦИТЕ СО ОСПОСОБУВАЊЕ НА ТРОТОАРОТ. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СЕ ЗАЛАГА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ СО КОИ ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ СООЧУВААТ ДОЛГИ ГОДИНИ. ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД БЕА РЕШЕНИ НЕКОЛКУ ПРОБЛЕМИ КОИ СЕГА СЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ.

ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ТППЕ НА КАВАДАРЦИ ВРШАТ ОБНОВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА.





ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ.ЕГЕЈСКА. СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДЕНО Е АСФАЛТИРАЊЕ НА 1200 МЕТРИ КВАДРАТНИ СО ДЕБЕЛИНА ОД 7 САНТИМЕТРИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ РАБНИЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОМПАНИЈАТА „ПАКОМАК“, ВО СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА БАЛКАН ЕКО ИНСТИТУТ, РАСПИШАА КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА НАЈЕКОЛОШКА ОПШТИНА ЗА 2019 ГОДИНА.
СОГЛАСНО КРИТЕРИУМИТЕ КОИ БЕА ПОТРЕБНИ ДА СЕ ИСПОЛНАТ,А СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ВО СИСТЕМ ЗА ТРЕТМАН И СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДОТ, ВО ЗАСАДУВАЊЕ НА ДРВЈА И ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е РАНГИРАНА НА ВТОРО МЕСТО, ЗА ШТО ОПШТИНАТА ЌЕ БИДЕ НАГРАДЕНА СО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ, НАПРАВЕНО ОД ЕКОЛОШКИ И РЕЦИКЛИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ.






ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ.ЛИЧКА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ ВКЛУЧЕНА Е И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ.МЛАДОСТ. ИЗГРАДБАТА НА ОВИЕ ПОТПОРНИ ЅИДОВИ Е ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ А СЕ РЕАЛИЗИРА СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА. ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ ИЗНЕСУВА 562 000 ДЕНАРИ.

ПОСТАВУВАЊЕ НА ГОТОВИ ПЛАСТИФИЦИРАНИ РЕТРОРЕФЛЕКТИРАЧКИ ФОРМИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА БРЗИНАТА ДО 40 КМ/Н И ВИБРАЦИОНИ ЛЕНТИ ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР НА ВЛЕЗОТ ОД ПРИЛЕП И РОСОМАН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ИЗГРАДБА НА ДВА НОВИ ПОТПОРНИ ЅИДОВИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА НА ОПШТИНАТА. СПОРЕД ПРОЕКТОТ ДЕНОВИВЕ СЕ ВРШАТ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА УЛИЦИТЕ „ЛИЧКА“ И „МЛАДОСТ“.



ПОТПОРНИОТ ЅИД НА УЛ. „ЛИЧКА“ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. СЕ ИЗВЕДУВАА ПОСЛЕДНИТЕ РАБОТИ СО КОИ ЌЕ СЕ ОФОРМИ КОЛОВОЗНА ПОВРШИНА НА УЛИЦАТА ДО ЅИДОТ.
НА ВТОРАТА ЛОКАЦИЈА НА УЛ. „МЛАДОСТ“ ВО НАСЕЛБАТА ГЛИШИЌ СЕ ВРШЕШЕ ШАЛУВАЊЕ И СЕ ОФОРМУВАА КОНТУРИТЕ НА ИДНИОТ БЕТОНСКИ ПОТПОРЕН ЅИД. ОПШТИНАТА ЗА ОВАА НАМЕНА ОД БУЏЕТОТ ИНВЕСТИРА 562.000 ДЕНАРИ.
ПРОЕКТОТ ЗА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВИЕ ДВЕ УЛИЦИ.

ПРОЕКТОТ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ЛАЗО СТОЈАНОВ СЕ ПРИБЛИЖУВА КОН ЗАВРШНИТЕ ФАЗИ. ОТКАКО БЕШЕ ОТСТРАНЕТ СТАРИОТ АСФАЛТ, ДЕНЕС СЕ ПОСТАВУВА ДРЕНАЖА ПО ЦЕЛАТА ДОЛЖИНА НА УЛИЦАТА. ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВАА ФАЗА ЌЕ СЛЕДИ И АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 840 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ГРАДБА ПРОМЕТ А ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 1 174 000 ДЕНАРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци работи на асфалтирање на дел од ул.„Бел Камен" над комплексот станбени згради. Претходно според проектот на општината се изврши отстранување на стариот асфалт, на старите рабници, како и тампонирање. Се работи на делницата од паркингот кај капелата во правец на ВВ „Тиквеш" каде на површина од 1350 квадратни метри се постави нов слој асфалт со дебелина од 7 сантиметри.



Со реконструкцијата на овој дел од улицата жителите од зградите и од населбата „Бел Камен" добија обновена и побезбедна улица.
Претходно на овој локалитет кај зградите, општината изврши оформување на паркинг со потпорен ѕид и поплочување, како и хортикултурно уредување на зелената површина. Реконструкцијата е на барање на жителите од оваа населба.

76 ГОДИНИ СЛОБОДНО КАВАДАРЦИ.
СО ОГЛЕД НА НАСТАНАТА СИТУАЦИЈА, ОВАА ГОДИНА СИМБОЛИЧНО СЕ ОДБЕЛЕЖУВА ПРАЗНИКОТ "7МИ СЕПТЕМВРИ" СО ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ И ОТКИНУВАЊЕ НА ПРВИОТ ГРОЗД.
ОСТАНУВАМЕ СО ПОЗИТИВНА ЕНЕРГИЈА ДА СЕ НАДЕВАМЕ НА ДОСТОЈНА МАНИФЕСТАЦИЈА НАРЕДНАТА ГОДИНА.
НЕКА НИ Е СРЕЌЕН И ВЕЧЕН ПРАЗНИКОТ НА НАШИОТ ГРАД!
ЗА МНОГУ ГОДИНИ КАВАДАРЦИ!









# РЕГИОНАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ

ПРОЕКТОТ„УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВИНСКИ ТУРИЗАМ ВО ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ПРЕКУ ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ВИНСКИ ЦЕНТАР-ВИНСКА КУЌА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ", СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ПЕРИОДОТ 2019-2020 ГОДИНА.
ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА СО ВКУПНА СУМА ОД 7 549 640 ДЕНАРИ СО ВКЛУЧЕН ДДВ, А ОПШТИНАТА УЧЕСТВУВАШЕ СО СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 3 096 460 ДЕНАРИ.



СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ ЌЕ ДОБИЕМЕ ЗАЕДНИЧКИ ВИНСКИ ЦЕНТАР, КАДЕ ШТО СИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ОД РЕГИОНОТ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ПРОМОВИРААТ СВОИТЕ ПРОИЗВОДИ НА ЕДНО МЕСТО, А СО ТОА ДА ОБЕЗБЕДИМЕ ЕДНА ПОГОЛЕМА ПРОМОЦИЈА НА НАШИОТ ВИНСКИ РЕГИОН СО ШТО ЌЕ ГО ПОДОБРИМЕ ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.









# СВЕЧЕНА СЕДНИЦА

2СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВЕЧЕРВА ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ ОДРЖА СВЕЧЕНА СЕДНИЦА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ РИСТО САКАЛИЕВ КОЈ ЈА ОТВОРИ СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА, РЕЧЕ ДЕКА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СЕ ВИДЛИВИ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ.

ВО СВОЕТО ОБРАЌАЊЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОДДАДЕ ПОЧИТ НА НАШИТЕ ПРЕДЦИ, КАВАДАРЕЧКИТЕ БОРЦИ КОИ ГИ ДАДОА СВОИТЕ ЖИВОТИ ЗА НАШЕТО КАВАДАРЦИ И КАКО ШТО НАГЛАСИ, ОСТАВИЈА АМАНЕТ ДА ГО САКАМЕ, ЧУВАМЕ И НЕГУВАМЕ НАШИОТ ГРАД.



ТОЈ ГОВОРЕШЕ И ЗА ПРОЕКТИТЕ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО КАВАДАРЦИ И ПОСОЧИ ДЕКА ТОЈ ЗАЕДНО СО СОВЕТОТ И АДМИНИСТРАЦИЈАТА СОЗДАВААТ ОПШТИНА КОЈА ЌЕ СЛУЖИ ЗА ПРИМЕР.

„КАВАДАРЦИ ВЕЌЕ ПРЕТСТАВУВА ОПШТИНА КОЈА ГИ НУДИ СИТЕ МОЖНОСТИ ЗА НАПРЕДОК И БЕЗБЕДНО ЖИВЕЕЊЕ. ТУКА МОЖЕШ ДА СОБИРАШ ИСКУСТВО, ДА ГРАДИШ КАРИЕРА, ДА СОЗДАДЕШ СЕМЕЈСТВО, ДА СЕ ЧУВСТВУВАШ БЕЗБЕДЕН, ДА ПОСТИГНЕШ УСПЕХ И НА КРАЈ ДА БИДЕШ ГОРД ШТО СИ КАВАДАРЧАНЕЦ. КАВАДАРЦИ ТРЕТА ГОДИНА Е НА ВРВОТ НА ЛИСТАТА НА НАЈ ЕКОЛОШКИ ГРАД ВО НАШАТА ЗЕМЈА. ХИГИЕНАТА ВО ГРАДОТ Е НА ЕДНО ЗАВИДНО НИВО" РЕЧЕ ЈАНЧЕВ И ДОДАДЕ ДЕКА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ДОМАЌИНСКО РАБОТЕЊЕ ГОДИНАВА ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ, А ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ И ПРОЕКТИ НАДВОР ОД НЕА.



ПОСОЧИ ДЕКА ПОСЛЕ 40 ГОДИНИ ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИОТ ПАРК„ЉУПЧО ШКАРТОВ". СЕ ПРОШИРУВА УЛИЦА„ШИШКА" СО ТРИ ЛЕНТИ, А ЌЕ ДОБИЕ И ЦЕЛОСНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. НАЈАВИ ДЕКА ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ ЌЕ СЕ АСФАЛТИРААТ 16 УЛИЦИ. ПАРАЛЕЛНО, РЕЧЕ ТОЈ СЕ РАБОТИ И ВО СЕЛАТА ОД ОПШТИНАТА.




ЈАНЧЕВ НАЈАВИ ДЕКА ЗА НАРЕДНАТА ГОДИНА Е ПРЕДВИДЕНО КАВАДАРЦИ ДА ДОБИЕ СОВРЕМЕН ЗАТВОРЕН БАЗЕН НА МЕСТОТО НА РУИНИРАНИОТ ОБЈЕКТ„ЛА ЛУНА" И ИЗГРАДБА НА ФИЛТЕР СТАНИЦА ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ. ОВОЈ ПРОЕКТ БИ СЕ РЕАЛИЗИРАЛ ВО СОРАБОТКА СО ЦЕНТАРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА, А СО ИСТИОТ ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРИ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.

„ИСТО ТАКА ВАЖЕН ПРОЕКТ ЗА НАРЕДНАТА ГОДИНА Е ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА АЛКОХОЛЕН ДЕСТИЛАТ ВО СОРАБОТКА СО ВЛАДАТА. СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ТРАЈНО БИ СЕ РЕШИЛЕ ПРОЕБЛЕМИТЕ, СО КОИ, ЗА ЖАЛ, ОВАА ГОДИНА СЕ СООЧУВААТ ЛОЗАРОПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ" РЕЧЕ ЈАНЧЕВ И ИСКАЖА БЛАГОДАРНОСТ ДО СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКАТА, ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА

# СВЕЧЕНА СЕДНИЦА

САМОУПРАВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И БИЗНИС СЕКТОРОТ ЗА ТИМСКАТА РАБОТА ЗА ПОУБАВО КАВАДАРЦИ.
НА СЕДНИЦАТА БЕШЕ ДОДЕЛЕНО НАЈВИСОКОТО ОПШТИНСКО ПРИЗНАНИЕ, НАГРАДАТА „7 МИ СЕПТЕМВРИ“.
ГОДИНАВА ДОБИТНИЦИ СЕ „КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА“, КОМПАНИЈАТА ИГМ И ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ КАВАДАРЦИ.
ВО ИМЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА НАГРАДАТА ЈА ПОДИГНА ХАРИ КОСТОВ, КОЈ ГО ЧЕСТИТА ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КАВАДАРЦИ, СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА УКАЖАНАТА ЧЕСТ И ПОСОЧИ ДЕКА УЧЕСТВОТО НА БАНКАТА ВО СТОПАНСТВОТО ВО КАВАДАРЦИ Е ЗНАЧИТЕЛНО.
СОПСТВЕНИКОТ НА ИГМ ТРЕЈД ИЛИЈА ГЕЧЕВ ИСТО ТАКА СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА ДОБИЕНАТА НАГРАДА. РЕЧЕ ДЕКА БИЛ ПОСВЕТЕН ДА ИНВЕСТИРА ВО СОПСТВЕНИОТ ГРАД И ТОА ГО ПОСТИГНАЛ СО ОТВОРАЊЕТО НА ГИГАНТОТ ИГМ. ГОВОРЕШЕ ЗА НЕГОВИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО СЛОВЕНИЈА, А НАГЛАСИ ДЕКА ПРОДОЛЖУВА СО ИНВЕСТИЦИИ И ВО КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО.
ВО ИМЕ НА ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ НАГРАДАТА ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ЗДРАВСТВОТО ЈА ПОДИГНА ДИРЕКТОРОТ НА БОЛНИЦАТА Д-Р ДИМЕ КОЦЕВ.
„ВО ИЗМИНАТИОВ ПЕРИОД НАПРАВИВМЕ МНОГУ, НАПРАВИВМЕ ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КОЈА Е ПРИМЕР ЗА ОДГОВОРНО РАБОТЕЊЕ, ЧИИ ГЛАВНИ ПРИДОБИВКИ СЕ ПОСТОЈАНОТО ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ , ПОДОБРЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРЕД СЕ КАДРОВСКАТА ЕКИПИРАНОСТ ОВОЗМОЖУВАЈЌИ ВИСОК СТЕПЕН НА ЕКСПЕРТИЗА ВО ПОВЕЌЕ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ОБЛАСТИ. СО ТОА, ОД ЕДНА СТРАНА ЈА ВРАТИВМЕ ДОВЕРБАТА ВО ЗДРАВСТОТО КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ , А ОД ДРУГА СТРАНА НАПРАВИВМЕ МЕСТО КАДЕ НАШИТЕ МЛАДИ ДОКТОРИ И МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ЈА ГЛЕДААТ СВОЈАТА ИДНИНА ВО РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА СВОИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ АМБИЦИИ. ОВИЕ НАШИ ОСТВАРУВАЊА БЕА ПРЕПОЗНАЕНИ, КАКО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ТАКА И ОД МНОГУ КОМПАНИИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР, КОИ СО СЕРИОЗНИ ИНВЕСТИЦИИ ПОМОГНАА НАШАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ДА ДОБИЕ СТАТУС НА РЕГИОНАЛНА БОЛНИЦА“ РЕЧЕ Д-Р КОЦЕВ И НАГЛАСИ ДЕКА СИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО БОЛНИЦАТА СЕ ГОРДИ НА ОВАА НАГРАДА , КОЈА ПРЕТСТАВУВА ПРИЗНАНИЕ ЗА СЕ ОНА ШТО ГО СРАБОТИЛЕ ДО СЕГА.







# "ГО САКАМ КАВАДАРЦИ"
# КНИГА ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ




ОВА Е ПРОЕКТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.ТОА Е ВСУШНОСТ ПОДАРОК ЗА ПОЛНОЛЕТСТВО ЗА СЕКОЈ МЛАД ЧОВЕК

ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ ДЕНЕС НА ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ГО ПРЕЗЕНТИРАШЕ ОВОК ПРОЕКТ СО НАСЛОВ;„ГО САКАМ КАВАДАРЦИ“. СТАНУВА ЗБОР ЗА КНИГА КОЈА СЕКОЈ БИ ПОСАКАЛ ДА ЈА ИМА А ЌЕ ЈА ПОДЕДУВААТ ОНИЕ КОИ ПОЧНУВАЈКИ ОД ДЕНЕС ПА ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ НАПОЛНАТ 18 ГОДИНИ. КНИГАТА ЌЕ ЈА ДОБИЈАТ КАКО ПОДАРОК ЗА ПОЛНОЛЕТСТВОТО.ЗА САМАТА КНИГА ГОВОРЕШЕ ДИМИТАР МУРЏЕВ КОЈ Е ДЕЛ ОД УРЕДУВАЧКИОТ ТИМ. ТОЈ ИСТАКНА ДЕКА ВО КНИГАТА Е СМЕСТЕНО БУКВАЛНО СЕ, ОД ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ И ФОТОГРАФИИ СЕ ДО ДЕНЕС, ДО ТОА КАКО СЕ ГРАДЕШЕ И ГРАДИ ЕДНО МОДЕРНО КАВАДАРЦИ. СО ПОМОШ НА КНИГАТА МЛАДИТЕ ЌЕ МОЖАТ И ПОБЛИСКУ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО СВОЈОТ РОДЕН ГРАД НО И ДА ИМ РАСКАЖУВААТ НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ. ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ СПОРЕД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, КОЈ Е И ИНИЦИЈАТОР НА ОВОЈ ПРОЕКТ, Е МЛАДИТЕ КАВАДАРЧАНИ МНОГУ ПООДБЛИЗУ ДА СИ ГО ЗАПОЗНААТ СВОЈОТ РОДЕН КРАЈ, ДА ДОЗНААТ МНОГУ ДЕТАЛИ И ФАКТИ ЗА ГРАДОТ, ОКОЛИНАТА,ДА ВИДАТ И ДА СЕ ПОТСЕТАТ КАКО ЖИВЕЕЛЕ НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ НИВНИТЕ БАБИ И ДЕДОВЦИ И КАКО КАВАДАРЦИ РАСТЕШЕ И СЕ РАЗВИВАШЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА ПА ДО ДЕНЕС.И КАКО ШТО ПИШУВА ВО ВОВЕДОТ НА КНИГАТА :„„ГО САКАМ КАВАДАРЦИ“ НЕКА БИДЕ КНИГА КОЈА ЌЕ ЈА НОСИШ СЕКОГАШ СО ТЕБЕ. НЕКА ТЕ ПОТСЕТУВА НА МАЛОТО ВНИМАНИЕ ОД ОПШТИНАТА ЗА ТВОЈОТ НАЈДРАГ РОДЕНДЕН И ЗА УБАВИНИТЕ ВО КОИ СИ РОДЕН. НЕКА ТЕ ПОТСЕТУВА НА ДЕТСТВОТО И ТВОЕТО ЧЕКОРЕЊЕ КОН СВЕТОТ НА ВОЗРАСНИТЕ. НЕКА ТЕ ПОТСЕТУВА НА ГРАДОТ ШТО ТЕ САКА, ТВОЕТО РОДНО КАВАДАРЦИ“. ДЕНЕС СЕ ПОДАРЕНИ ПРВИТЕ 3 РОДЕНДЕНСКИ ПОДАРОЦИ ЗА 18-ТИ РОДЕНДЕН НА ДВАЈЦА МЛАДИ ОД КАВАДАРЦИ И ЕДЕН МЛАДА ЛИЧНОСТ ОД СЕЛО ДРЕНОВО.





Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**